Врз основа на член 29 став 4 и член 50 став 3 од Законот за Урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.32/20),Градоначалникот на општина **ДОЈРАН** , го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот и кои граничат и се опфатени со утврдениот опфат на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран, дека Градоначалникот на општина Дојран донесе Решение за спроведување на јавна презентација и јавна анкета за донесување на Урбанистичкиот план, изработен од ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, Сашко Иванов Дооел од Битола.

Урбанистичкиот план ќе биде изложен во подрачјето на планскиот опфат во населено место Сретеново, на Огласната табла во зградата на општина Дојран, во Стар Дојран, објавен на официјалната веб страна на општина Дојран, во рок од триесет дена, почнувајќи од 28.10.2022 година до 30.11.2022 година секој работен ден од 08:оо до 16:оо часот. Контакт тел.: 034/225-278.

Јавната презентација на планот ќе се одржи на ден 30.11.2022 година во просториите на општина Дојран со почеток во 11:3о часот.

Анкетните листови за учество во јавната анкета може да се добијат во општина Дојран и да се симнат од официјалната веб страна на општина Дојран.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

УП1Бр.12-128
12.10.2022година

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДОЈРАН СТАР ДОЈРАН

*Анго Ангов*